**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИТЕТ ЗА РЕВИЗИЈА**

# Извештај за работењето на Комитетот за ревизија за 2024 година (резиме)

Март 2025 година

## Вовед

Комитетот за ревизија (Комитетот) продолжи со извршувањето на своите редовни активности врз основа на донесените акти и практики со коишто е регулирано неговото работење.

Комитетот ги вршеше своите надзорни активности преку одржување седници, на коишто го следеше работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија, Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола, Канцеларијата за стратегија и превенција, како и на процесот извршување надворешна ревизија на сметководственото работење и финансиското известување на Народната банка.

На овие седници, Комитетот редовно беше информиран за областите коишто ги надгледува, во доменот на сметководствените политики и финансиското известување, внатрешната и надворешната ревизија, системот на интерни контроли и рамката за управување со ризиците и усогласеноста на работењето со законските и подзаконските акти. За подетално запознавање со одредени прашања, членовите на Комитетот бараа дополнителни информации и состаноци.

За Комитетот е особено значајна 2024 година затоа што за првпат во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија (Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24 од 2 април 2024 година) се регулира Комитетот како постојано работно тело на Советот на Народната банка.

Досега, Комитетот работеше во согласност со Одлуката за формирање на Комитетот за ревизија и утврдување на неговиот делокруг на работа од 3 декември 2021 година со којшто беа регулирани составот на Комитетот и овластувањата и задачите на Комитетот коишто се пренесоа во измените на Законот.

## Членови на Комитетот за ревизија

Во согласност со Одлуката за именување членови на Комитетот за ревизија бр. 02-23460/9, од 26 јуни 2024 година, Комитетот за ревизија, во текот на 2024 година работеше во состав од тројца неизвршни членови на Советот на Народната банка:

- д-р Синиша Наумоски, претседател на Комитетот;
- д-р Гадаф Реџепи, член на Комитетот;
- д-р Никола Поповски, член на Комитетот.

## Седници на Комитетот за ревизија

Комитетот за ревизија одржа единаесет седници во 2024 година, на кои се разгледуваа прашањата коишто спаѓаат во доменот на Комитетот за ревизија, во согласност со актите на Народната банка, Деловникот за работа на Комитетот за ревизија и Одлуката за формирање на Комитетот за ревизија, определување на активностите коишто се во неговиот делокруг на работење и за утврдување на неговиот начин на работа.

## Надгледување на работењето на Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола

Комитетот за ревизија на Народната банка од областа надгледување на сметководствените политики и финансиско известување, ги разгледа:

- Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија за 2023 година и
- Одлуката за утврдување финансиски резултат за распределба на Народната банка на Република Северна Македонија за 2023 година.

Членовите на Комитетот за ревизија дадоа мислење до Советот на Народната банка дека се уверени во соодветноста и ефективноста на процесот на подготовка на Финансиските извештаи на Народната банка за 2023 година, при што се испочитувани сите нивоа на контроли, соодветни се сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања и му предложија на Советот на Народната банка да ги усвои предложените одлуки.

Исто така, беа разгледани и одобрени Основните сметководствени политики за сметководствено евидентирање и финансиско известување на Народната банка на Република Северна Македонија во кои беа извршени измени за да се изврши усогласување на политиките со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка донесен на 28 март 2024 година.

## Надгледување на работењето на надворешната ревизија

Посебна активност во работењето на Комитетот беше следењето на извршувањето на надворешната ревизија од Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ Скопје, коешто беше избрано во 2022 година преку постапка за јавна набавка во согласност со Политиката за избор на друштво за надворешната ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија, да врши ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка за период од пет последователни години (2022 – 2026 година).

Комитетот одржа седници со ревизорите од Друштвото за ревизија „Грант Торнтон" Скопје и оствари добра комуникација со надворешните ревизори. Притоа, надворешниот ревизор го информира Комитетот за спроведената ревизија на Финансиските извештаи за 2023 година и нивната усогласеност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Во Извештајот на независниот ревизор за извршената ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка за 2023 година беше дадено мислење без квалификации, односно мислење дека приложените финансиски извештаи објективно ја прикажуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Народната банка на 31 декември 2023 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Членовите на Комитетот го прифатија Извештајот на независниот ревизор за извршената ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија за 2023 година.

Комитетот за ревизија, на крајот на 2024 година, го следеше процесот на почнување на надворешната ревизија за 2024 година, потврди дека се испочитувани принципите за независност при вршењето на ревизијата за 2024 година. Исто така, го одобри Планот на активности за ревизијата на Финансиските извештаи на Народната банка за 2024 година и го разгледа Нацрт-писмото до раководство од извршената претходна ревизија на финансиските информации на Народната банка со состојба на и за деветмесечниот период што завршува на 30 септември 2024 година.

**Надгледување на работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија**

Комитетот за ревизија на Народната банка го следеше работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија, ги разгледуваше извештаите на внатрешната ревизија, наодите и статусот на остварување на препораките дадени во ревизорските извештаи.

На редовна основа беа разгледувани извештаите и програмите за работа на Дирекцијата за внатрешна ревизија, и тоа:

- Извештајот за работењето на внатрешната ревизија во 2023 година;
- Извештајот за работењето на внатрешната ревизија во првото полугодие на 2024 година;
- Програмата за работа на Дирекцијата за внатрешната ревизија за 2025 година; и
- Среднорочната програма за работа на Дирекцијата за внатрешната ревизија за периодот 2025 – 2027 година.

Во 2024 година беа разгледани и интерните акти на внатрешната ревизија, Политиката на внатрешната ревизија на Народната банка на Република Северна Македонија и Правилникот за работата на Дирекцијата за внатрешна ревизија.

**Надгледување на работењето на Канцеларијата за стратегија и превенција**

Комитетот извршуваше надзорни активности во однос на функционирањето на системот на интерни контроли, рамката за управување со ризиците, сигурноста на информацискиот систем и заштитата на личните податоци, како и со рамката за усогласеност на работењето со прописите при што, во текот на 2024 година, беа разгледани и одобрени:

- Годишниот извештај за усогласеноста на Народната банка;
- Годишниот извештај за усогласеноста на Народната банка со прописите за заштита на личните податоци за 2023 година;
- Извештајот за управување со оперативните ризици на Народната банка на Република Северна Македонија во 2024 година.